РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-89/7**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет - Сметка за приходи од самофинасирачки активности, за 2005 година, кои се прикажани на страните од 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија, и не е издаден извештај за финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет - сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Мирко Стефановски , директор од 16.11.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 18.12 2006 до 26.12.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Ревизијата не можеше да се увери во објективноста на исплатените надоместоци за хонорарно ангажирани надворешни соработници во износ од 262 илјади денари кои НУ МОБ ги исплаќа без донесени акти и критериуми што може да има за последица субјективизам во нивното утврдување и вреднување и можност за злоупотреба на средствата кои претставуваат државни расходи.

**Препораки и мерки:**

1. Препораката по овој наод е дадена во точката 10.3.1. од Претходниот извештај на НУ МОБ - сметката на средства од Буџетот на РМ .

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. НУ МОБ нема воспоставено систем на интерни контроли на процесот на дистрибуција на билети. Задолжувањето, раздолжувањето, чувањето и изработката на месечните извештаи на билетите е доверено на едно лице на кое НУ МОБ не му врши контрола во текот на годината. Од друга страна годишниот попис не го содржи пописот на непродадените билети со што би се извршило усогласување на вкупниот приход од продажбата во текот на годината со непродадените билети. Вака воспоставениот систем на интерна контрола е спротивен на Законот за сметководство на буџети и буџетските корисници и не дава доволно уверување за реалноста и објективноста на остварените приходи од продажбата по овој основ кои во 2005 година изнесуваат 2,706 илјади денари.

1. Директорот на Македонска опера и балет да воспостави ефикасен систем на интерна контрола (по секоја претстава) кој ќе овозможи целосно следење на процесот на издавање, дистрибуција, чување и наплата на билети, пописот на непродадените билети треба да претставува составен дел на годишниот попис на крајот на годината.

10.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. На позицијата Обврски спрема државата и други институции во вкупен износ од 543 илјади денари ревизијата констатира дека НУ МОБ има искажано обврска за неплатен данок на промет на производи и услуги, по основ на фактуриран закуп. Ваквата состојба има за последица помалку остварен приход во Буџетот на РМ.

**Препораки и мерки:**

1. НУ МОБ да ја измири обврската спрема Буџетот на РМ по основ на пресметан данок на промет за производи и услуги на сметката 840-2010.

10.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

10.4.1. Со увид во примената на Законот за јавни набавки ревизијата констатира дека истите се реализирале без спроведување на постапки за набавки на опрема, сценографија и услуги во вкупен износ од 623 илјади денари, со што не е обезбедена транспарентност и јавност во набавката и има за последица незаконски потрошени државни средства.

10.4.2. НУ Македонска опера и балет врши континуирано ангажирање на лица по договор за дело (сценска техника) за кои преку оваа сметка во 2005 година е исплатено 150 илјади денари преку Македонска авторска агенција. Овие лица извршуваат работни задачи на непополнети работни места согласно Правилникот за систематизација на работни места а начинот на нивно ангажирање е спротивен на Законот за работни и Законот за облигациони односи и има за последица незаконски потрошени средства.

10.4.3. Преку Македонската авторска агенција исплатени се надомести во вкупен износ од 173 илјади денари за ангажманите на вработени музичари во НУ МОБ и во Музичката младина на Македонија без законски основ и спротивно на Правилникот за организација и систематизација на работните места согласно кој наведените активности се во рамките на редовните задолженија на уметниците и има за ефект незаконски потрошени средства.

**Препораки и мерки:**

1. Препораките по овие наоди се дадени во точката 10.4. од Претходниот извештај на НУ МОБ - сметката на средства од Буџетот на РМ .

11. Според наше мислење, финансиските извештаи, ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на НУ Македонска опера и балет - сметка за приходи од самофинансирачки активности под 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

12. Според наше мислење, поради изнесеното во точката 10.4. кај НУ Македонска опера и балет - Сметка за приходи од самофинасирачки активности, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. **Прифатени искорегирани неправилности од страна на НУ Македонска опера и балет во текот на ревизијата**

    13.1.1. Во периодот на вршење на ревизијата заради проценување на Позициите во Билансот на состојба на сметката за приходи од самофинансирачки активности во согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници врз готовинска основа, ревизијата предложи корекција со која вкупната актива и пасива се зголеми во вкупен износ 543 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налозите 820, 821, 823, 824, 826 и 827 од 2006 година.

**Скопје, 13.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 4.964 | 699 |
| Трансфери и донации | 800 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **5.764** | **699** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 19 | 2 |
| Стоки и услуги | 5.608 | 612 |
| **Вкупно тековни расходи** | **5.627** | **614** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 137 | 85 |
| **Вкупно капитални расходи** | **137** | **85** |
| **Вкупно расходи** | **5.764** | **699** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 289 | 242 |
| Побарувања | 792 | 735 |
| Побарувања од вработените | 34 | 34 |
| Побарувања од државата и други институции | 231 | 151 |
| Активни временски разграничувања | 543 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.889** | **1.162** |
| **Вкупна актива** | **1.889** | **1.162** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 543 | 543 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.346 | 477 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.889** | **1.020** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 142 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **142** |
| **Вкупна пасива** | **1.889** | **1.162** |